РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 29-3597/12
03.10 2023 год
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 62 и член 10 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/20 и 111/23) и член 23 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на општината Крива Паланка“ бр.08/2010, 08/14, 02/18 и 03/19 градоначалникот на Општина Крива Паланка го дава следното

# СООПШТЕНИЕ

**За организирање на јавен увид на изработен Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за нисконапонски подземен кабелски вод за приклучок на ФВЕ Енерго Солар Панел од трафостаница до приклучна точка, КО Градец, Општина Крива Паланка**

Изработката на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за нисконапонски подземен кабелски вод за приклучок на ФВЕ Енерго Солар Панел од трафостаница до приклучна точка, КО Градец, Општина Крива Паланка ќе се одвива во рамките на следниот опфат:

Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички проект вон опфат на урбанитистички план за нисконапонски кабелски вод за приклучок на ФВЕ ЕНЕРГО СОЛАР ПАНЕЛ од трафостаница до приклучна точка К.О.Градец, Општина Крива Паланка, е со површина од 386 $м^2$ и претставува земјиште на кое ќе има оформување на коридор за поставување на подземен кабелски вод од трафостаница до приклучна точка и истата се движи по делови од повеќе катастарски парцели во К.О.Градец Општина Крива Паланка.

За проектниот опфат предвидено е каблирање со нисконапонски 10 кв кабелски вод.

Почетната точка на предметниот проектен опфат односно делот од проектниот опфат каде е предвидена новопроектираната трафостаница на КП 3562/1, е дел од претходно усвоен Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на инфраструктурни објекти со класа на намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани кои се градат на земјиште – помали од 10MW на КП бр.3563, 3564, 3565 и дел од 3562 – КО Градец, Општина Крива Паланка. Крајната точка од трасата завршува во постоечки столб на КП 3510, КО Градец, Општина Крива Паланка. Должината на кабелот изнесува до 286м'.

Проектна документација се изработува по прифатена иницијатива за изработка на урбанистичка документација од страна на Комисијата за урбанизам на Општина Крива Паланка.

Јавниот увид ќе се спроведе со објава на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за нисконапонски подземен кабелски вод за приклучок на ФВЕ Енерго Солар Панел од трафостаница до приклучна точка, КО Градец, Општина Крива Паланка на официјана службена веб страна на Општина Крива Паланка : **www.krivapalanka.gov.mk**

**Јавната анкета ќе трае 15 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението, започнувајќи од 03.10.2023 година заклучно до 25.10.2023 година.**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Пристигнатите забелешки ги разгледува Комисијата за урбанизам во Општина Крива Паланка која составува записник со образложение за прифаќање и неприфаќање на забелешките, што се објавува на службена веб страна и му се испраќа на изработувачот на урбанистичкиот проект за да ги вгради во планско-проектната документација.

**Изготвил-Одобрил:**
**Раководител,**
**диа Маја Костадиновска**

**Општина Крива Паланка**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

**www.krivapalanka.gov.mk**